Одделот за граѓански дела на Врховниот суд на Република Северна Македонија, согласно членот 91 став 3 од Законот за судовите (Службен весник на РМ бр.58/2006, 35/2008, 150/2010 .....96/19) членот 68 став 5 од Судскиот Деловник (Службен весник на РМ бр.66/2013 и 114/14) и членот 32 став 3 ичлен 33 од Деловникот за работа на Врховниот суд на Република Северна Македонија (Службен весник на РСМ бр.14/22 и 199/24), расправајки по правното прашање од интерес за работата на сите совети во судот и воедначување на судската практика, на седницата одржана на ден 10.12.2024 година, го утврди следниот

**З А К Л У Ч О К**

Второстепениот суд кога го препраќа предметот по кој е изјавен правен лек против второстепената одлука на Врховниот суд на Република Северна Македонија, должен е да изготви придружен извештај на пропишаниот образец.

Првостепениот суд е должен да ги средува списите во предметот согласно член 172 од Судскиот деловник, а кога списите не се уредени, ревизискиот суд административно ќе го врати предметот на првостепениот суд заради негово прописно уредување.

О б р а з л о ж е н и е

Во врска со постапувањето по предметите во Одделот за граѓански дела се појави потреба да се донесе заклучок во врска со примената на одредбите од Судскиот деловник со кои е регулирана доставата на списи на повисок суд и придружниот извештај. Имено, четирите апелациони судови не постапуваат еднакво од кои причини се јави потребата Одделот да заземе став за начинот на постапување доколку од страна на второстепениот суд не е доставен придружен извештај на пропишаниот образец.

Од тие причини, Одделот за граѓански дела на седница одржана на ден 10.12.2024 година расправаше по конкретното правно прашање и го утврди заклучокот, поради следните причини:

Според член 379 од Законот за парничната постапка („Службен весник на РМ“ бр. 79/05, 110/08, 83/09, 116/10 и 124/15), ревизија се поднесува до судот што ја изрекол првостепената пресуда во доволен број примероци за судот и за противната странка.

Согласно член 381 став 1 и 2 од истиот закон, примерок од навремена, целосна, образложена и дозволена ревизија судијата поединец, односно претседателот на советот на првостепениот суд ќе достави до противната странка која во рок од 15 дена од денот на доставувањето на ревизијата противната странка може да поднесе до судот одговор на ревизијата, а според ставот 3 по приемот на одговорот, односно по истекот на рокот за одговор, судијата поединец, односно претседателот на советот на првостепениот суд ќе

ги достави ревизијата и одговорот на ревизијата, ако се поднесени, со сите списи до ревизискиот суд преку второстепениот суд.

Со Судскиот деловник („Службен весник на РМ“ бр.66/13 и 114/14) се уредуваат внатрешната организација на судовите, начинот на работењето на судовите, водењето на евиденции за предметите, водењето на уписници и други помошни книги, и книги за евиденција, постапувањето со списите, обрасците, работата по меѓународната правна помош и постапувањето по претставките и предлозите, повикувањето и распоредувањето на судиите-поротници, поставувањето на постојаните судски преведувачи, толкувачи и вешти лица, водење статистика и евиденција и стручното усовршување на кадрите, правилата за односи со јавноста, посебните ознаки на судските возила, информатичкиот систем во судовите, аудиовизуелно снимање на расправа, како и други прашања од значење за работата на судовите.

Во членот 228 став 3 од Судскиот деловник е определено дека предметот по кој е изјавен правен лек против второстепената одлука, првостепениот суд го доставува преку второстепениот суд, кој го препраќа на судот од трет степен со свој придружен извештај (Образец бр. 65).

Согласно ставот 5 од истиот член од Судскиот деловник, ако против иста одлука се поднесени повеќе правни лекови или против повеќе одлуки на судот е поднесен еден правен лек, предметот се доставува со единствен извештај во кој се означуваат правните лекови и соодветните одлуки.

Со член 229 став 1 од Судскиот деловник е определена содржината на придружниот извештај и е предвидено дека во придружниот извештај се означува: број на предметот и број на листови на обжалена одлука, правната работа, датумот кога одлуката е доставена на жалителите, кој го вложил правниот лек и датумот кога е изјавен, број на предметот и бројот на листовите на правниот лек, дали правниот лек е навремен и дали е поднесен одговор на правниот лек. Според ставот 2 од овој член, ако со правниот лек се напаѓа одлуката на второстепениот суд, првостепениот суд приложува препис од својата одлука, а исто така тоа ќе го направи и второстепениот суд.

Според член 230 од Судскиот деловник, ако од содржината на правниот лек или од одговорот произлегува дека е потребно да се извршат извиди особено во однос на доставувањето, извидите ги врши првостепениот суд пред да го достави предметот на надлежниот суд, а во придружниот извештај првостепениот суд ги опишува резултатите од извидите што ги извршил по приемот на правниот лек, односно одговорот на правниот лек.

Согласно член 231 од Судскиот деловник, покрај предметот, на повисокиот суд му се доставуваат и исправите коишто се чуваат кај судот, ако кон него не е приложен заверен препис од исправите. Кога кон предметот се приложени заверени преписи, изворниците се доставуваат на повисокиот суд само по негово барање. Ако кон списите се приложени предмети од увидот или други доказни предмети кои не можат лесно да се достават со списите на повисокиот суд, за тоа ќе се укаже во придружниот извештај, а предметите ќе се достават ако повисокиот суд го бара тоа.

Во член 232 став 1 од наведениот Деловник е предвидено дека при прием на предметот во судот од повисок степен се образува нов предмет со

ознака на уписникот за тој вид на предмет во судот. При евидентирање на предметот во судот со повисок степен се наведуваат броевите на предметите од судот од понизок степен, а според ставот 2 во пописот на списите прво се заведува придружниот извештај на судот од понизок степен.

Согласно член 233 став 3 од Судскиот деловник, во предметот на судот од повисок степен останува: придружниот извештај од првостепениот суд, примерок на обжалената одлука, копии од записник од главниот претрес, односно главната расправа пред судот од повисок степен, изворник од одлуката,записниците за советување и гласање и други списи кои се однесуваат исклучително на постапката пред судот од повисок степен.

Имајќи ја предвид содржината на погоре цитираните одредби, неспорна е важноста на придружен извештај составен согласно пропишаниот образец бр.65 од Судскиот деловник, за кој покрај другото, е наведено дека во пописот на списите во повисокиот суд прво се заведува придружниот извештај на судот од понизок степен.

Исто така, пред Одделот за граѓански дела се појави потреба да се донесе заклучок и во врска со примената на одредбите од Судскиот деловник со кои се регулира средувањето на списите во предметот. Имено, до Врховниот суд на Република Северна Македонија, заради одлучување по изјавени вонредни правни лекови, во некои случаи се доставуваат списи на предмети кои не се средени на начин како што тоа е регулирано во Судскиот деловник.

Согласно член 173 од Судскиот деловник, судските службеници од судската писарница кои постапуваат по предметите доделени кај судијата, со предметите ракуваат внимателно, се грижат списите секогаш да бидат средени, попишани и залепени, во спротивно судијата кој постапува по предметот ќе му го врати предметот на судскиот службеник заради уредување на предметот согласно начинот опишан во членот 172 од овој деловник.

Во ставот 2 од истиот член, е определено дека ако предметот не е уреден на начинот согласно членот 172 од овој деловник, повисокиот суд го враќа предметот на понискиот суд за прописно уредување.

Имајќи ги во предвид напред наведените одредби од Судскиот деловник, обврска за судските службеници е да ги средуваат списите во предметот на начинот како што тоа е опишано во членот 172. Во таа смисла, пред да биде испратен предметот до повисокиот суд, треба истиот да биде среден, а во спротивно ревизискиот суд нема да одлучува по изјавениот вонреден правен лек туку предметот ќе го врати административно на понискиот суд за прописно уредување.

Поради напред наведените причини, следуваше Одделот за граѓански дела да го утврди заклучокот за придружниот извештај и за средување на списите во предметот.

Оддел за граѓански дела